Врз основа на член 21, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14 и 44/15) комисијат за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Ѓорче Петров-Скопје со решение број 08-1777/1 од 28.05.2014година, утврди текст на:

# О Д Л У К А

## За организирање на Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови за првиот квартал од 2016година

**ч л е н 1**

Со оваа одлука се организира **Јавен повик за доставување на иницијативи заизработка на Урбанистички планови согласно член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање** (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14 и 44/15) **, во првиот квартал од 2016 годона.**

**ч л е н 2**

Соопштениeто за организирање на **Јавниот повик за доставување на иницијативи заизработка на Урбанистички планови, ќе биде објавено во** дневен весник **"Утрински весник"**, на веб страната на Општина Ѓорче Петров **www.opstinagpetrov.gov.mk** , во информацискиот систем **е – урбанизам** и објава во службено гласило на општината .

**ч л е н 3**

**Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови, ќе трае од 01.03.2016 до 31.03.2016 година,** сметано од објавата во јавните гласила од член 2 на оваа одлука.

**ч л е н 4**

**Предмет на Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови, е достава на иницијативи од** граѓани и правни лица во предвидениот рок, за донесување на нови Урбанистички планови, изменување и дополнување на постоечките Урбанистички планови или урбанистичко – плански документации.

**ч л е н 5**

**Прифатените иницијативи од овој Јавнен повик,** се планираат во Годишната програмата „Ф“ на Општина Ѓорче Петров" за 2016 година, како документација финансирана од подносителите – граѓани и правни лица.

**ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во **"Службен гласник на Општина Ѓорче Петров ".**

**Број** 09-516/1

22. **. 02.2016 год.**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Општина Ѓорче Петров